Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел дневните настани 11.01.2023

На 10.01.2023 во 17.15 часот во Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга бил извршен службен разговор со М.З.(62) од с.Ливада, струшко. Тој се сомничи дека во периодот од 06.45 до 07.15 часот на улица „Владо Малески" во Струга со огнено оружје усмртил седум кучиња скитници. Од него била одземена ловечка пушка сачмарка калибар 16 мм. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава по член 233 од Кривичниот законик.

На 10.01.2023 во 23.50 часот во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода Ѓ.А.(39) од Струмица. Тој се сомничи дека околу 19.00 часот извршил тешка кражба во продажен објект во Струмица, при што одзел пари. По наредба на Основен суд Струмица бил извршен претрес во неговиот дом во Струмица, при што биле пронајдени паричните средства, кои ќе бидат вратени на сопственикот. Ѓ.А. е задржан во Полициската станица Струмица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.01.2023 на ул.„Прилепски бранители" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода В.Е.(25) од Прилеп, затоа што кај него била пронајдена и одземена грутчеста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.01.2023 во 17.50 часот во Полициската станица Кичево, И.К.(43) од Кичево пријавил дека на булевар „Ослободување" во Кичево била каснат од куче скитник.

На 10.01.2023 во Полициската станица Велес, И.Т.(49) од Велес пријавил дека на ул. „Благој Ѓорев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 10.01.2023 во 21.10 часот во СВР Тетово, Н.С.(50) од Тетово пријавил дека на улица „Благоја Тоска" во Тетово неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 10.01.2023 во 17.20 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.Ц.(38) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.01.2023 на крстосницата од улиците „Мице Козар" и „Круме Волнароски" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода Б.П.(32) од Прилеп и Е.И.(30) од с.Алданци, затоа што кај нив била пронајдена и одземена прашкаста материја. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.01.2023 во 20.20 часот на подрачјето на Бутел, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Л.Б.(18) од с.Никуштак, липковско, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.01.2023 на ул.„Партизанска" во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола го лишиле од слобода Ј.Ш.(22) од Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.01.2023 во 12.28 часот на Граничниот премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода Д.Д.(66) од Куманово, со живеалиште во Република Србија, затоа што при извршена пасошка контрола и проверка во евиденцијата било констатирано дека бил баран по меѓународна потерница за издржување казна затвор. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

Во текот на вчерашниот ден (10.01.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 172 возачи. Од нив шест возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената брзина, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 93 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 79 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (10.01.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 134 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина девет санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, четири санкции за нерегистрирани возила. Изречени се девет мерки за користење мобилен телефон при возење, три санкции за вградени неатестирани фолии (затемнети стакла)...

Во текот на вчерашниот ден (10.01.2023) во областа на сообраќајот на подрачјето на СВР Штип изречени се вкупно 28 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 8 санкции, 2 мерки за управување возило без возачка дозвола, 2 за технички неисправно возило, 2 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некористење сигурносен појас, 2 за користење мобилен телефон и 8 за непрописно паркирање.

На 10.01.2023 околу 17.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека на локалниот пат Пирок-Жеровјане, во Пирок, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „бмв", управувано од 64-годишниот Г.С. од Пирок и патничко возило „фолксваген голф", што го управувала 21-годишната М.Ј. од истото село, двете со тетовски регистарски ознаки. Во несреќата, Г.С. и М.Ј. се здобиле со тешки телесни повреди, а сопатникот од возилото „голф", Ч.Н.(21) од тетовско Слатино со телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница. На местото на несреќата увид извршила екипа на СВР Тетово.

На 10.01.2023 околу 15.35 часот во СВР Велес било пријавено дека на ул.„Наум Наумовски" во Велес, патничко возило „фолксваген пасат" со велешки регистарски ознаки, управувано од М.Е (32) од Велес, удрило во пешак К.Д.(50) од Велес. Во несреќата К.Д. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Велес. По овластување на Јавен обвинител, увид на место извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 10.01.2023 во 17.45 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода З.Д.(34) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени прашкаста материја, марихуана и дигитална вага. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 10.01.2022 во 15.05 часот, полициски службеници од СВР Куманово ја лишиле од слобода Б.Ј.(22) од Тетово. Таа се сомничи дека истиот ден одзела паричник и пари од канцеларија на вработена во Центар за зависности. Б.Ј. била приведена во полициска станица, а одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственичката. По документирање на случајот, ќе следи соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани до Основното јавно обвинителство Кочани поднесе кривична пријава против Г.Х.(60) од Република Косово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „тешка кражба на дрзок начин", „неовластено навлегување и оштетување на компјутерски систем" и „употреба на исправа со невистинита содржина". Пријавениот, на Градскиот пазар во Кочани одзел платежна картичка од едно лице, по што во неколку наврати со неа подигнал пари од банкомат. Исто така, при легитимирање на полициски службеници приложил лична карта на друго лице.

На 10.01.2023 во 15.30 часот во Полициската станица Велес, 60-годишен жител на општина Чашка пријавил дека бил измамен од едно лице за сума од 18.500 денари. Според пријавеното, лицето му се јавило и му побарало услуга, а требало да се договорат во Скопје, каде што лицето имало магацин. Според пријавеното, лицето побарало од него, при доаѓањето во Скопје, на друго лице да му даде 18.500 денари, кои ќе му ги врател кога ќе се сретнат, но откако ги дал парите и пристигнал во Скопје, повеќе пати безуспешно се обидел да стапи во контакт со лицето, по што сфатил дека бил измамен. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.01.2023, полициски службеници од ОВР Неготино го лишиле од слобода Г.Ц.(43) од неготинско село, затоа што не почитувал судска одлука за неприближување до домот на неговата сопруга. По целосно документирање на случајот, ќе следи соодветен поднесок.

На 10.01.2023 во 12.10 часот во Полициската станица Аеродром, В.К.(71) од Скопје пријавил дека на ул. „Бојмија" бил каснат од куче скитник.

Денеска (11.01.2023) во 09.44 часот во СВР Скопје било пријавено дека од железничката пруга на подрачјето на Гази Баба со употреба на сила биле одземени сигнална куќарка и кабел. Полициски службеници излегле на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.01.2023 во 10.30 часот во Полициската станица Аеродром, Д.З.(62) од Скопје пријавил дека на бул. „Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

На 11.01.2023 во 01.53 часот во СВР Скопје, Л.Л.(20) од Скопје пријавил дека на 10.01.2023 околу 23.35 часот на ул.„23 Октомври", по претходна вербална расправија, бил физички нападнат од М.Б.(19) и Д.Т.(19), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 10.01.2023 во 19.30 часот во Полициската станица Карпош, Н.Н.(43) од Скопје пријавила дека на ул. „Теодосиј Синаитски" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче.

Денеска (11.01.2023) во СВР Скопје било пријавено дека околу 03.50 часот пред угостителски објект на бул.„Св.Климент Охридски" во Скопје, четири лица физички го нападнале И.Т.(35) од Скопје, Д.Ј.(30), од Тетово, Н.Д.(28) од тетовско, Т.М.(27) од Струга. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.01.2023 во 19.30 часот во Полициската станица Центар, Ф.Р.(32) од Скопје пријавила дека во кругот на Комплекс клиники „Мајка Тереза" била касната од куче скитник.

На 10.01.2023 во 21.15 часот во Полициската станица Бит Пазар, Р.Н.Б.М.(33) од Швајцарија пријавил дека на 09.01.2023 во 21.30 часот на ул.„Перо Наков" во Скопје, три лица со закана му го одзеле патничкото возило „тојота" со швајцарски национални ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.01.2023 во 18.45 часот во Полициската станица Аеродром, А.М.(46) од Скопје пријавил дека на ул. „Тодор Чангов" бил каснат од куче скитник.

На 10.01.2023 во 08.00 часот во Полициската станица Карпош, В.И.(76) од Скопје пријавила дека на ул. „Иван Цанкар" била касната од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет